*Универзитет за туризам и менаџмент*
*Број 02-235/1*
*22.11.2011 год.*
*Скопје*

Врз основа на член 92, став 1, точка 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 52 став 1 алинеја 17 и 144 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011) Сенатот на Универзитетот, на седницата одржана на 22.11.2011 год., ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за доделување титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

1. На Зигфрид Штиглиц од Австрија му се доделува титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, заради неговиот посебен придонес за развој на економијата во Република Македонија и високото образование во областа на економијата.
2. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.
3. Одлуката со доделување на почесната титула да се официјализира на 08.12.2011 година на Свечена седница на Сенатот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 92 став 1 точка 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 52 став 1 алинеја 17 и 144 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011), Сенатот на Универзитетот, на предлог на Економскиот факултетот при Универзитетот, на седницата одржана на 22.11.2011 година, ценејќи го неговиот досегашен богат и разновиден професионален ангажман ( извршувал и извршува повеќе видни функции во национални и во меѓународни рамки, како што се:Новинар во Media print-Kronenceitung, од 1988 до 1989 и во Taglich Alles od 1989 do 1990 година; Менаџер во Halleiner Immobilenburo GesmbH, од 1991 до 1998 година; Генерален директор во West II Immobileninvest GMBH, од 2008 до 2010 година; Генерален директор (и сопственик) на GBM general Bau Management Gmbh), а успешно повеќе години и актуелно ги извршува и работите (Генерален директор во Simba Invest Gmbh од 2010 година; Генерален директор во Dalius Immobilien GMBH od 1999 година; Консултант на Osterreiche Lotterien, Casinos Austria и Hochtief Construction од 2010 година), од 2008 година е патрон и спонзор на куќата на мајка Тереза и на Орфан центарот 11 октомври во Скопје, а со одлуката на владата на Р. Македонија од 23.09.2009 година, е именуван за Почесен конзул на Македонија во Австрија/ територијата на Салзбург, донесе одлука како во диспозитивот.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Именуваниот;
- Генералниот секретар на Универзитетот.

РЕКТОР

проф. д-р Аце Миленковски